Стр.

одземање на дозволата за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување за производство и продажба, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правилата за техничко одржување и сервисирање на истите, формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема и потребната документација ........................................... 5

Стр.

5219. **Правилник** за дополнување на Правилникот за единечно одобрување на возило ................................. 51

5220. **Решение** за изменување на Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија........................................................ 54

5221. **Одлука** за влегување во сила на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија........................................ 61

5222. **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија............................................... 63

5223. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата .. 66

5224. **Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец октомври 2014 година…………………… 68

**Огласен дел**.................................... 1-44

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**5210.**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013 и 158/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

### УРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ, НАЧИНОТ, ОБЕМОТ И ЦЕНОВНИКОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 1

Во Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/13) во член 11 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член ако периодичните здравствени прегледи од членот 4 од оваа уредба се вршат во исто време со задолжителните контролни здравствени прегледи согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата, овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот доколку ги исполнува критериумите во однос на кадарот и опремата за вршење на прегледите за здравствена и психофизичка способност на кандидатите за возачи и возачи на моторно возило утврдени од Министерството за здравство, освен извештајот за периодичниот преглед на вработениот од став 1 на овој член, издава и уверение за здравствена и психофизичка способност за управување со моторни возила согласно прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата во рамките на утврдената цена на прегледот во Ценовникот за здравствени прегледи на вработените од оваа уредба.".

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-9258/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**5211.**

Врз основа на член 49 став 7 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014 и 130/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 11.11.2014 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА КО ДАБИЉА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на Е2-комунална супраструктура-бензинска пумпна станица КО Дабиља, општина Струмица.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 4759м², ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 711/0 | Дабиља | Арлимки | нива | 1 |
| 710/0 | Дабиља | Диваци | нива | 2 |
| дел 717/0 | Дабиља | Арлимки | нива | 1 |
| **Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат:** | | | | **14761м²** |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-7518/1
11 ноември 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.